## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6244 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на „Дневникот“ во 20 часот и „Дневникот“ во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 5 часа 7 минути и 30 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:06:27 | 27,56 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:38 | 19,80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:01 | 8,62 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:54 | 8,12 | % |
| Други субјекти | 00:01:54 | 8,12 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:32 | 2,28 | % |
| АРМ | 00:00:32 | 2,28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:32 | 2,28 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:27 | 10,47 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:27 | 10,47 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:23:24** | **100** | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:44 | 10,05 | % |
| Други субјекти | 00:21:16 | 12,78 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:33 | 0,33 | % |
| Влада на РМ | 00:15:28 | 9,29 | % |
| АРМ | 00:00:33 | 0,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:20 | 9,21 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:10 | 4,31 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:35 | 5,16 | % |
| Граѓански сектор | 00:30:06 | 18,09 | % |
| Без субјекти | 00:08:22 | 5,03 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:46 | 6,47 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:13:06 | 7,87 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:55 | 2,95 | % |
| Либерална партија | 00:01:24 | 0,84 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:59 | 1,19 | % |

| | | |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:00 | 0,60 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:55 | 1,15 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:08 | 0,68 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:56 | 0,56 % |
| Судство | 00:02:00 | 1,20 % |
| Левица | 00:01:07 | 0,67 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:27 | 0,27 % |
| Беса | 00:00:27 | 0,27 % |
| Локална самоуправа | 00:01:09 | 0,69 % |
| **Вкупно за тема:** | **02:46:26** | **100 %** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:11:24 | 9,69 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:35:34 | 30,23 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:25:53 | 22,00 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:35 | 13,24 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:17:54 | 15,21 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:01 | 3,41 % |
| Влада на РМ | 00:00:16 | 0,23 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:59 | 3,39 % |
| Беса | 00:01:02 | 0,88 % |
| Други субјекти | 00:00:56 | 0,79 % |
| Без субјекти | 00:00:35 | 0,50 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:31 | 0,44 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:57:40** | **100 %** |
| **Вкупно:** | **05:07:30** | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 1 час 57 минути и 40 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 35 минути и 34 секунди (30,23%); следува Коалицијата предводена од СДСМ со 25 минути и 53 секунди (22,00%); за ДУИ, 15 минути и 35 секунди (13,24%) и за Коалицијата ВМРО за Македонија, 11 минути и 24 секунди (9,69%). Известувано е и за активностите на учесникот во изборната кампања со 6 потврдени листи со кандидати – Коалицијата за промени и правда со 17 минути и 54 секунди (15,21%) и за еден од учесниците во изборната кампања со пет потврдени листи со кандидати – ДПА, за која се одвоени 4 минути и 1 секунда (3,41%). За учесниците во изборната кампања кои имаат по 4 потврдени листи со кандидати – Коалицијата Алијанса на Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди) и Беса, одвоени се 3 минути и 59 секунди (3,39%), односно 1 минута и 2 секунди (0,88%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 23 минути и 24 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: Ревизија на социјалните станови, извештај од прес-конференција на министерката за труд и социјална политика, Фросина Ременски и реакцијата на Министерството за транспорт и врски по изјавата на Ременски; Министерката за информатичко општество и администрација,

Марта Томовска со писмо до ОБСЕ во врска со злоупотребата на јавниот сектор; Меѓусебните обвинувања на министерката за труд и социјална политика, Фросина Ременски и СОНК околу злоупотребата на работното време во градинките, односно неводењето на евиденција на отсуство на вработените по детските установи; Предизборни кадровски промени во Генералштабот на АРМ и нивната поврзаност со престојните парламентарни избори; Извештајот од седницата на Советот на град Скопје по повод носењето на буџетот за 2017 година и др.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 2 часа 46 минути и 26 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на граѓанскиот сектор; други субјекти; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; експерти/аналитичари, неколку субјекти-учесници во изборниот процес и др. Категоријата „граѓански сектор" е застапена со 30 минути и 6 секунди, а во неjзе се опфатени пренесените соопштенија или директните обраќања на: Оливера Христовска Заевска, ИМПАКТ; Елизабета Божиновска, здружение ХЕРА; Живко Митревски, ССМ; Невена Смилевска, Еко-свест; Дарко Алексов, МОСТ; Елена Димушевска, Национална мрежа против насилство врз жените; Неда Чаловска, Хелсиншки комитет; Цивил; Андреја Стојковски, МЦЕО; Никола Спасов, агенција Рејтинг; Драги Аргировски, претседател на Сојузот на пензионери. Во категоријата *„други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Васка Бајрамовска, канцеларија на Народниот правобранител; Васка Китановска; Анета Арнаудовска, директор на Агенцијата за судии и јавни обвинители; Ѓуро Сеса, судија во Врховен суд во Хрватска; Наум Петрески и Бени Шакири, музичари; Сашо Дуковски, адвокат; Бари Асановски, брат на починатиот Сеат Асановски. Оваа категорија е застапена со 21 минута и 16 секунди. Амбасадорите и странските политичари се застапени со 16 минути и 44 секунди преку: Џес Бејли; Кристине Алтхаузер; Едуард Кукан; Иво Вајгл; Кнут Флекенштајн; Себастијан Курц; ЕК; Флоријан Бибер; Кристофер Бендер. Владата е присутна во оваа категорија со 15 минути и 28 секунди поради прилози кои не можат да се сместат во категоријата „активности на органите на власт" а се однесуваат на: дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов, кој одбил да се произнесе околу обвинувањата од страна на семејството Китановски за предизборните ветувања; пренесената изјава на министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети во врска со решенијата за загаденоста на воздухот; информацијата од билтенот на МВР за смртта на Сеат Асановски, кој загинал одејќи на митингот на ВМРО ДПМНЕ во Охрид; билатералната средба на министрите за надворешни работи на Македонија и Австрија, Никола Попоски и Себастијан Курц; МВР со кривична пријава за поткуп на гласачи; пренесената изјава на министерката на МИОА Марта Томовска Арсовска за веста за пријавени случаи на предизборна партиска пропаганда во училиштата и администрацијата; пренесената информација од Министерството за одбрана за прилогот кој е посветен на предизборните кадровски промени во ГШ на АРМ и нивната поврзаност со престојните парламентарни избори. Во овој извештаен период емитувани се изјави на повеќе *„експерти/аналитичари"*, меѓу кои: Александар Спасов, универзитетски професор; Тодор Пендаров, политиколог; Сефер Тахири, Институт за комуникациски студии; Алберт Муслиу, аналитичар; Благоја Марковски, аналитичар. Оваа категорија е застапена со 15 минути и 20 секунди. Во другите теми поврзани со избори е присутна и категоријата субјекти - министри/заменици од СДСМ со 8 минути и 35 секунди преку следниве прилози: пренесеното соопштение на дополнителниот заменик министер за информатичко општество и администрација Александар Кирацовски, во врска со притисокот врз администрацијата; пренесената изјава од министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски во врска со поднесената кривична пријава од страна на синдикалецот Живко Митревски; извештајот од потпишувањето на заедничката декларација на кампањата „Стоп за насилството врз жените" со изјава од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски; Обраќањето на министерот на МВР со директно обраќање за кривичната пријава за поткуп на гласачи; пренесената изјава на дополнителниот заменик министер на МИОА Александар Кирацовски за веста за пријавени случаи на предизборна партиска пропаганда во училиштата и администрацијата. Категоријата „без субјекти" е застапена со 8 минути и 22 секунди, а во неа се кодирани изјавите на граѓани околу притисокот врз администрацијата за учество на митинзите; за справувањето со загадувањето на воздухот и др. Јавното обвинителство е присутно со 4 минути и 55 секунди, преку прилозите посветени на пријавувањето на изборни нерегуларности во

новоформираната комисија на ОЈО. Судството е застапено со 2 минути преку информацијата за промоција на кодексот за судска етика од страна на Судскиот совет; судскиот процес за Мариглен Демири и пренесената изјава на судијката. Специјалното обвинителство е присутно со 1 минута и 55 секунди, преку изјавата на обвинителката Катица Јанева во која говори за извештајот од конференцијата за судско одмерување на казните. Локалната самоуправа е застапена со 1 минута и 9 секунди преку соопштението од општина Кисела Вода и градоначалничката Билјана Беличанец, во врска со обвинувањата на семејството Китановски за предизборните ветувања. Локалната самоуправа (опозиција) е присутна со 1 минута и 8 секунди преку соопштение на Општина Центар, во кое информираат за решенијата за загаденоста на воздухот. Времето одвоено за ДИК и други органи изнесува 1 минута, преку извештајот на комисијата за избирачките листи. Претседателот на РМ и АРМ се присутни во прилогот кој е посветен на предизборните кадровски промени во ГШ на АРМ и нивната поврзаност со престојните парламентарни избори. За овие два субјекта се одвоени 33 секунди.

Значајно време во оваа тема имаат и неколку учесници во изборниот процес за активности кои не се дел од нивната изборна кампања. Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. е застапена со 13 минути и 6 секунди, преку: прилог во кој на телопи се промовираат изборните програми на партиите; анализата на пораките во изјавите на лидерите Никола Груевски и Амди Бајрам; ставот на партијата за енергетските прашања, предизборните ветувања и проекции; изјавата дадена на митингот во Охрид од Амди Бајрам во прилогот посветен на несреќниот случај во кој животот го загуби Сеат Асановски; настапот на Себастијан Курц на централниот митинг на ВМРО ДПМНЕ одржан во Скопје. Коалицијата СДСМ и др. е застапена со 10 минути и 46 секунди преку: прилог во кој на телопи се промовираат изборните програми на партиите; анализата на пораките во изјавите на лидерот Зоран Заев; потпишаната декларација за национален одговор за ХИВ; ставот на партијата за енергетските прашања, предизборните ветувања и проекции; најавата за поднесување приговор по извештајот на ДИК за избирачките листи; решенијата кои ги ветува партијата за справување со загаденоста на воздухот во Скопје и Тетово; барањето одговорност за смртта на Сеат Асановски, кој загинал одејќи на митингот на ВМРО ДПМНЕ во Охрид од страна на Самка Ибраимовски; соопштението од ЛДП со предлог за трансформација на Сојузот на пензионери. ДУИ е застапена со 7 минути и 10 секунди, преку: прилогот за изборните програми на партиите; средбата на лидерот на ДУИ Али Ахмети со меѓународните посредници Вајгл, Кукан и Флекенштајн за фер и демократски избори; ставот на ДУИ и Артан Груби за прислушувањето. ДПА е застапена со 1 минута и 59 секунди, преку: прилогот за изборните програми на партиите; прилогот за влијанието на изборните слогани врз кампањата; средбата на лидерот на ДПА Мендух Тачи со меѓународните посредници Вајгл, Кукан и Флекенштајн за фер и демократски избори. Либералната партија е застапена со 1 минута и 24 секунди, преку: прилозите посветени за притисоци врз граѓаните за гласање; извештајот од потпишувањето на заедничката декларација од кампањата „Стоп за насилството врз жените" и изјавата на лидерот на партијата Ивон Величковски. Левица се застапени со 1 минута и 7 секунди, преку: прилозите за изборните програми на партиите и за влијанието на изборните слогани врз кампањата; директното обраќање на Андреј Јованчевски за судскиот процес за Мариглен Демири. Коалицијата за промени и правда е застапена со 56 секунди преку прилогот за изборните програми на партиите и потпишаната декларација за национален одговор за ХИВ. Коалицијата ВМРО за Македонија и Беса се застапени со по 27 секунди преку прилогот за изборните програми на партиите.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ–21 минута и 50 секунди (20,03%) и Коалицијата предводена од СДСМ–18 минути и 38 секунди (17,09%). За граѓанскиот сектор се одвоени 13 минути и 9 секунди (12,06%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:18:38 | 17,09 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:08:48 | 8,07 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:08:09 | 7,48 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:09 | 5,64 % |
| Граѓански сектор | 00:13:09 | 12,06 % |
| Други субјекти | 00:05:00 | 4,59 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:21:50 | 20,03 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:46 | 8,04 % |
| Левица | 00:00:14 | 0,21 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:28 | 4,10 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:49 | 0,75 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:37 | 6,07 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:15 | 1,15 % |
| Либерална партија | 00:00:22 | 0,34 % |
| Влада на РМ | 00:01:29 | 1,36 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:44 | 1,59 % |
| Локална самоуправа | 00:00:46 | 0,70 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:48 | 0,73 % |
| | **Вкупно: 01:49:01** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи:*

На 21 ноември 2016 година, во 8 часот и 7 минути се емитуваше репризно издание на емисијата на тема: „Пробивајќи ја „Тврдина“, СЈО откри незаконски следени „Таргети“ од УБК, а не од странски служби.“

На 21 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 17 минути беше премиерното издание на тема: „Почна изборната кампања – какви се вашите очекувања од кандидатите за пратеници?“ Оваа емисија беше репризирана на 22 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 25 ноември 2016 година, во 16 часот и 14 минути се емитуваше премиерното издание на емисијата на тема: „Една недела од изборната кампања, 30-тина поднесоци за можни изборни нерегуларности.“ Репризното издание беше емитувано на 28 ноември 2016 година, со почеток во 8 часот и 5 минути.

***Мој термин***

Емисијата *Очи в очи* на 29 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 21 минута, е емитувана во рамки на емисијата „Мој Термин“. Темата беше: „Европски реакции по настапот на Курц на митингот на ВМРО ДПМНЕ. Репризното издание беше емитувано на 30 ноември 2016 година, со почеток во 3 часот и 27 минути.

На 29 ноември 2016 година, со почеток во 18 часот и 2 минути, емитувана е новата информативна емисија на ТВ 24 Вести со наслов *Мој термин.* Водителот Огнен Јанески посочи дека во периодот до изборите на 11 декември во емисијата ќе гостуваат претставници на политички партии и коалиции кои ќе одговараат на прашања од водителот и од гледачите кои директно се вклучуваат во емисијата. Гостин во студиото беше Павле Богоевски, кандидат за пратеник во изборната единица 1 од редовите на СДСМ и Коалицијата. Репризното издание беше емитувано на 30 ноември 2016 година, со почеток во 8 часот и 2 минути.

***Тренд – економија и бизнис***

На 21, 27 и 28 ноември 2016 година, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: Изборен мегдан на Заев и Груевски во 4-та, изборно соочување на Али Ахмети и Мендух Тачи во 6-та, дел од партиските фронтмени ги нема на партиските кандидатски листи; Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија и втората условена препорака. Гости беа: Александар Пандов, Лидија Димова и Исмет Рамадани.

*Интервјуа*

На 27 ноември 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, каде гостин беше Никола Попоски, Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др.

На 30 ноември 2016 година, се емитуваше мини интервјуто на Гласот на Америка, со Павле Трајанов, Коалиција за промени и правда.

*Дебатни емисии*

***Анализа 24***

На 22 ноември 2016 година, со почеток во 10 часот и 46 минути, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: „Новата истрага на СЈО под кодно име *Таргет.*" Гости беа: Мери Јордановска, новинар и Гордан Калајџиев, универзитетски професор.

***Избори 2016 година***

На 21 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, беше емитувано премиерното издание на емисијата *Избори 2016 година* – прва од серијалот дебатни емисии посветени на изборите, изборниот процес и сите теми врзани за изборите. Темата беше: Со кои адути, со кои факти и со каква понуда партиите ќе ја бараат довербата од гласачот? Гости беа: Ден Дончев (Коалиција ВМРО за Македонија); Емил Анастасов (Коалиција за промени и правда); Драган Тевдовски (СДСМ и др). Водителката информираше дека била испратена официјална покана за гостување во емисијата до партиите од власта, ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, како и до опозициската ДПА, но тие го откажале учеството. Репризното издание беше емитувано на 22 и 23 ноември 2016 година.

На 22 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, беше емитувано премиерно издание на емисијата *Избори 2016 година* со гостите: Аднан Јашари, ДУИ; Рената Десковска, СДСМ и Константин Кратовалиев, Коалиција ВМРО за Македонија. Темата беше: Можат ли политичарите да го подобрат судството, а да ги држат настрана рацете од него? Водителката информираше дека во емисијата биле поканети и претставници на ВМРО ДПМНЕ и ДПА, но тие не одговориле на поканата. Репризни изданија бележиме на 23 и на 24 ноември 2016 година.

На 23 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот и 6 минути, новото премиерно издание на емисијата беше со Стево Пендаровски, носител на листата на Коалиција СДСМ и др. во првата изборна

единица за кампањата и парламентарните избори. Водителот нагласи дека во дебатата бил поканет и Никола Попоски, носителот на листата на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. во оваа изборна единица, кој прво го потврдил, но потоа го откажал учеството во дебатата поради зафатеност. Реприи бележиме на 24 и на 25 ноември 2016 година.

На 25 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, премиерното издание беше со: Марија Џонс, Левица; Јове Кекеновски, Коалиција за промени и правда; Мухамед Халили, ПДП и Стојанче Ангелов, Коалиција ВМРО за Македонија. Разговараа за кампањата и парламентарните избори, претставувањето на партиите и коалициите кои самостојно настапуваат на изборите. За учество во емисијата биле поканети сите партии кои досега не учествувале во оваа емисија за да ги претставаат своите програми. Дел од нив не прифатиле учество со различни образложенија. Две репризни изданија се емитувани на 26 и една реприза на 28 ноември 2016 година.

На 28 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, емисијата *Избори 2016 година* беше со: Александар Чомовски, новинар-уредник; Алберт Муслиу, аналитичар и Јадранка Костова, новинар-уредник. Се дебатираше за присуството на Себастијан Курц на митингот на ВМРО ДПМНЕ; Реализираната анкета на Телма за рејтинзите на политичките партии; Митинзите кои ги организираат партиите и др. Две реприи беа емитувани наредниот ден.

На 29 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути, премиерното издание на емисијата на тема - предвремените парламентарни избори и претставувањето на партиите и коалициите кои самостојно настапуваат на изборите, беше со: Стефан Богоев, Коалиција СДСМ и др.; Амела Цана, ДУИ; Андреј Јованчевски, Левица. Претставниците на ВМРО ДПМНЕ и ДПА не одговориле на поканата да гостуваат во дебатната емисија. Репризно издание беше емитувано на 30 ноември 2016 година.

На 30 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата со: Един Јакуповиќ, ДНЕТ; Џевал Хоџиќ, граѓански активист и Рубин Земон, Алијанса за позитивна Македонија. Водителот посочи дека за учество во дебатата биле поканети, но го откажале учеството и: Иван Стоилковиќ, ДПС; Кенан Хасипи, ДПТ; Ердоган Сарач, ДНЕТ; Мите Костов, Партија на власите, Неждет Мустафа, Обединета партија за еманципација на Ромите и Шабан Салиу, ОДСР.

***Сектор за програмски работи***